ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 67 – 1/2017
Загреб, 15. 07. 2017.

# З А П И С Н И К

од **4. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **15.07.2017 година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Борис Трајановски – Осиек, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 3. седница на УО на ЗМРХ;
2. „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine (Obrazac FPG-1)“ со прилозите IR-1/Opće izvješće o radu IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije – Совет за националните малцинства на РХ;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2017 година и усвојување на донесените одлуки;
5. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 3. седница на УО на ЗМРХ (прилог).

**Ад. 2.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine (Obrazac FPG-1)“ со прилозите IR-1/Opće izvješće o radu IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije за Советот за националните малцинства на РХ (прилог), Петровска детално по ставки им го објасни на присутните начинот на пополнување на интернетската апликација за електронско предавање на извештајот. Овогодишниот извештај е сличен на обрасците од минатогодишниот полугодишен извештај, со таа разлика дека тогаш не се

предаваа прилози, но сега се обавезни и се составен дел на извештајот. Се напомена дека е подобро и попрегледно друштвата најнапред да го изработат извештајот на хартија и да ги подготват прилозите што се бараат во PDF формат, а потоа сето само да се внесе во апликацијата. Голема помош при пополнувањето на образецот FPG-1 може да биде однапред подготвената спецификација на индиректни и директни трошоци. При предавање на извештајот, по електронска пошта од Советот се добива потврда која треба да биде потпишана од овластено лице на Друштвото и оверена со печат, и таа се предава во Советот како потврда за веродостојноста на податоците внесени во извештајот. Рокот за предавање на извештаите е до 31 јули и досега извештаите ги има предадено само МКД од Риека. Се советуваше да не се чека до последен момент со предавање на извештаите туку истите да се предадат порано. Оваа година накнадно хартиено дополнување нема, па се апелира до друштвата добро да го прегледаат извештајот пред да го предадат. Се рече и тоа дека годинава ќе се предава и квартален извештај со податоци од 01.07.-30.09. За сите нејаснотии членовите нека се консултираат со Петровска, а доколку има потреба, таа ќе го консултира Тибор Варга од Советот. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Оверените и потпишани потврди на друштвата за веродостојноста на податоците внесени во извештајот да се достават до ЗМРХ најдоцна до 25 јули во два примерока (еден за Советот што ќе се предаде и еден што останува за архива), а предадените интернет апликации од извештајот да се копираат во PDF формат и да се достават до ЗМРХ по електронска пошта.

**Ад. 3.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен за потребите на ЗМРХ. Во врска со Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2017 година, Елизабета Петровска рече дека е дополнет со податоци од полугодишниот извештај (прилог), а останатите ставки ќе се пополнуваат до крајот на годината, односно до Редовното собрание на ЗМРХ (во ноември или декември), кога ќе се знае дали е потребно да се направи ребаланс на истиот. Таа ги повика и друштвата да го направат истото. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 4.** По оваа точка се расправаше за годинешните програми на ЗМРХ. За „Илинден 1903-2017", одобрена е молбата на ЗМРХ до претседателката на РХ, Колинда Грабар-Китаровиќ за покровителство на настанот. Претседателот Христодулов рече дека наемот од 2.300,00 кн. на излетничкото место „Голубињак" во Горски Котар, каде ќе се организира прославата, дел од автобусите на друштвата и музиката ќе бидат подмирени од ЗМРХ, додека наемот на клупите, столиците, шаторите и пијалаците за ВИП масата, ќе бидат подмирени од локални донации. За автобусите од Риека и Загреб се добиени донации од Град Риека, „Алкалоид Загреб" д.о.о. и од Советот на МНМ за Град Загреб. Групата „Балканика бенд" од Крањ ќе свири на прославата за 3.800,00 кн., без спиење, со нивни разглас. Гравот е 21,00 кн. + ДДВ по порција, а сметката ќе се подмири од средствата за „Илинден" преку МКД од Риека. Партиципацијата за превозот на МКД-ата останува и понатаму иста, 20% од вкупниот износ. Оваа година МКД од Осиек и МКД од Сплит не доаѓаат на прославата организирано со автобус. За „Летниот камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2017.", од 30 јули до 6 август за основци,

бидејќи водителот на кампот Ангел Митревски не беше присутен на состанокот, претседателот Христодулов го контактираше по телефон. Сметките за превозот ќе се подмират директно од ЗМРХ, а кога ќе се дефинира точниот број на децата (најдоцна до 18 јули), пресметката ќе покаже ќе треба ли да се плаќа партиципација и колку. За „Денот на ЗМРХ“ во Сплит, поради спреченост на МКД од Пула датумот се измени и се дефинира наместо 4 да биде 11 ноември. Изложбата „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ во Задар, на која ќе бидат изложени дела на академскиот сликар Крунислав Стојановски, се предвидува да биде отворена на 15 октомври. „Денови на глаголицата во Истра“ на МКД од Пула ќе се реализира од 3-5 ноември, а „Рацинов ден – Бели мугри“ во Самобор на 25 ноември. Книгата од Милена Златеска се предвидува да излезе од печат во септември. Потпретседателот Трајановски даде предлог сите манифестации што се на ниво на ЗМРХ да се посетуваат меѓу друштвата, бар со по еден автомобил, на сметка на Друштвото кое треба да обезбеди средства за тоа или пак на сметка/со партиципација на самите членови-посетители.

**Ад. 5.** Под точката разно, потпретседателот Трајановски рече дека МКД од Осиек нема да може да дојде на „Илинден“ во „Голубињак“, бидејќи Друштвото е покането да гостува на „Илинденските денови“ во Битола, Охрид и Струга, а ќе има средба и со претседателот на РМ, Ѓорге Иванов. По повод средбата, за претседателот е подготвен подарок со книги од ЗМРХ и неколку примероци на „Македонски глас“, а Друштвото ќе му подари уметничка слика и славонска ракија. Потоа се рече дека „Македонски глас“ бр. 107 ќе се печати со 4 страни повеќе (40), поради големиот број на текстови, но по иста цена за печатење (страниците се подарок од печатницата). Што се однесува до намалувањето на тиражот на „Македонски глас“, а зголемување на бројот на страниците, за што стана збор на минатата седница, тоа сепак го менува вкупниот износ на потрошените средства, бидејќи се зголемува износот на авторските хонорари за текстовите. По програмата и по добиените средства за 2017 година, бруто износот за хонорарите на годишно ниво заедно со бруто износот за полугодишните примања за секретарката на ЗМРХ скоро во целост ја пополнуваат квотата од 70% што ја пропишува Советот во Критериумите и Методологијата. По ова прашање се донесе заклучок да се договори на идната седница и да се види со Советот што може и колку да се добие со аплицирање на програмата за 2018 година и согласно тоа да се регулира тиражот и бројот на страници на „Македонски глас“. Се информираше и за понудите за соработка од Радио Македонија и од Карло Љубиќ (прилог), кои беа претходно проследени по електронска пошта до друштвата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Секој член на УО на ЗМРХ кој ќе биде спречен да присуствува на седница, навремено да извести за тоа и да прати друго ополномоштено лице кое ќе го застапува неговото Друштво на седницата;
- Патните налози остварени за службени патувања со приватно возило кои се исплаќаат од благајната на ЗМРХ (а не од благајната на Советот), ќе изнесуваат највеќе до 1 кн/км, а патните налози остварени со јавен превоз ќе се исплатуваат за меѓуградски автобус или за воз исклучително 2. класа;
- На идниот УО на ЗМРХ кој ќе се одржи кон средината на октомври, да се договори за одржување на Собранијата на друштвата и на ЗМРХ поради усвојување на Финансискиот план на приходи и расходи и поради запазување на роковите за пријава на програмите за 2018 година;
- Се даруваат 10 примероци од книгата „Убавиот збор и железна врата отвора“ од авторот Елизабета Петровска на МКД „Билјана“ од Задар.

На крајот, претседателот Христодулов рече дека е излезена од печат книгата „Македонска култура и цивилизација“ од Горан Калоѓера и подари еден примерок за библиотеката на ЗМРХ, а друштвата својот примерок ќе го добијат накнадно.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.00** часот.

Записничар:
Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов